# Збирка Поезија
# Од
# Виктор Јакимовски

## Вовед – Марија Макеска




drugizborovi otherwords

**Вовед – Марија Макеска**

Големо задоволство претставува читајќи поети како Виктор Јакимовски чија работа е лесно разбирлива ,многу детална и директно во поентата. Неговото дело настана завреме на неговиот престој во Баскија во склоп на проектот Други зборови во периодот Мај – Јуни 2016 та посветен на малцински и мали јазици како македонскиот. Проектот се реализираше во Сан Себастијан траеше два мееци и му помогна на Виктор да ја истражува баскиската културна традиција и да пишува во креативно расположение.

Поемите се негови индивидуални творби и настанаја во текот на неговиот престој во Баскија. Тие се убави и интересни за читање но треба да се читаат повеќе пати за да се сватат.

“Слепи бои“ – е за човек кој е слеп и го живее својот безбоен свет.

“Твојата маса е празна“ – е посветена за оние кои навремето пиеле заедно но се разделиле и поетот пробува да ги освежи мемориите за старите добри денови.

“Под нашето небо“ – е за линијата која останува на небото после зајдисонцето.

“Пред соништата“ е за сонот за подобра иднина.

“Дожд“ е посветена за хуманодината капка дожд која паѓа од биосферата во надеж да оживее.

“ (Не)пишани правила“ ни раскажува за пишувањето на писмото за животот и љубовта.

“Кој знае , знае“ е е потрага по зборовите и одговорите околу животот.

“Во Тврдина“ ни раскажува за неговите чувства во некого за кој истовремено не е сигурен и релациите со истиот.

“Ти“ е за некого близок на авторот кој заслужува да биде во негова близина без рзлика дали е тој или таа.

“Ние Одиме Понатаму“ е за чекорењето напред без разлика на околностите.

Во “ Ако некогаш ме прашаш“ авторот застанува пред некого во вечна тишина прашувајќи се дали ја сакал таа личност воопшто.

Во “Судбина“ – сонови ни ја претставува контрадикторноста негова помеѓу позитивното и негативното во сонoвите и судбината.

“Ти си таму каде јас“ сум говори за љубовта на авторот и таа особа е насекаде во неговата свест и подсвест. Таа му значи толку многу на авторот така да тој воопшто нема никогаш да пишува повеќе.

Далтонист

Не може тишината да
ја надзбори мислата
никогаш не сум користел боенки
само ги кршев боиците
да ја докажам мојата машкост
помеѓу два брана патувам
во три мориња живеам
се чувствувам изгубено во летот
пленот одамна престанав да го барам
живеам во халуцинација
за да можам да опстанам во својот хаос
животот ми е толку едноставно комплициран
се состои од две бои
а јас сум далтонист

Вашата маса е слободна

Пасаја. кој кому ќе му фали
кога ќе не разделат брановите
кога ќе не разденат деновите
кога ќе си заминат бродовите
кој ќе ги чува спомените?
Аркупе!
Какви ноќи поминавме
И колку вистини испивме!
Проклета е туѓината,
ама уште попроклета е убавината.
А ти, што ми ја сервираше вистината
како да те вметнам во оваа песна
кога ниту еднаш не ми го кажа името?
Ќе те наречам безимена, па нека ме обвинат за луд што во молк те повикувам.
Моја четириножна пријателке
И двајцата знаеме дека времето
не може пак да ги наполни
празните чаши,
ниту новите полни
ќе можат да го вратат времето наше.
Пасаја, Аркупе!
Аркупе, Пасаја!
Ко јас и вистината
ко виното и поезијата

Под ова небо

Во оваа светлина
ги губиме зборовите
под ова небо
смислуваме приказни
за да го оправдаме
нашето постоење.
Темнината е нашата
најголема сила
нашиот најголем страв
и нашата најголема
заблуда
дека потоа доаѓа
нова светлина.
Хоризонтот го отсликува
времето во кое сме сега
сите нешта во него
се нашето мало царство
каде што сите ние
ја бараме личната слобода.
Каде што духот и времето
се едно
додека ние постепено
ги губиме зраците
од своето тело.

Пред сонот

Во тие вечерни часови
кога низ крвта ни течат
спомени, слики, емоции

Во тие вечерни часови
кога го губиме денот
во надеж за подобро утре

Кога го вадиме часовникот
и во непотполно спокојство
се радуваме на следното
изгрејсонце

Тогаш не ни е важно
ниту кои сме биле
ниту кои ќе бидеме

Во тие вечерни часови
живееме само за мигот
живееме заедно со ѕвездите
и со месечината
На секунда оддалечени
со мислите до бесконечноста
го доживуваме сонот
пред да го сониме.

# Дожд

Дали е тоа знак
Дека и небото самува?
Или само некој луд
Натприроден натпревар на капките
Која прва да стигне до целта?
Чудно!
Да бев капка
Никогаш не би сакал
Да селзам долу
И да бидам дел од овој хаос
Наречен „човечки живот“.
Само би другарувал со птиците
И би се возвишувал со нивната слобода.

(не)пишани правила

Сакам да започнам
ново животно писмо.
Деновите да ми бидат
испишана лирика која
би можеле сите да ја разберат.
Утрата да ми започнуваат
со Голема буква,
а кога ќе надојде квечерина
и темнината ќе завладее
со просторот
да ја вклучам ѕидната ламба
и да продолжам да везам
нови љубовни пораки
под мојата среќна ѕвезда.
А ако случајно забележите
некоја печатна грешка
слободно свртете го писмото
од обратната страна.
Таму пишува -
единствен лектор е животот.

Одговор на посвета стр.49 ( тие што знаат, знаат )

по својот плен
ги барам зборовите
скриени некаде далеку во самотијата.

Во овој миг, се уште не знам каде да ги побарам.
Можеби во некој друг свет
животот би креирал поубава историја?!

Многу прашалници останаа зад нас,
во ова време бледо
ние ја создадовме нашата светлост.

Ах, животе...
Ако не е срамно, да прашам:
Зошто предвреме си ни ги раздвоил патишата
кога судено ни било да сме едно?

Макар и на две половини
разделено...

Тврдина

Премногу сум млад за големи ветувања
кои тебе ти го исполнуваат срцето
и чекаш како верен пес да проговорам.
Не барај од мене да бидам
лажна слика закачена да виси
на ѕидот кој треба да се урне.
Сме имале, ќе имаме, ќе останат
денови
што никогаш нема да ги заборавиме.
Сосема доволно за нас.
Додека оставав на судбината
да ми го испланира животот
се претворив во тврдина
на која понекогаш
и недостасува твоето присуство.

# Ако некогаш ме прашаш

Ако некогаш ме прашаш:
Дали навистина сум те сакал,
јас ќе стојам замрзнат и само ќе гледам.
Ќе гледам во тебе, а во главата
ќе ми се измешаат разно разни одговори
но јас се уште ќе продолжам
да гледам и да молчам.
Да...
Мојот одговор е вечен молк.

Продолжуваме понатаму

Некогаш ќе се погоди да нагазиме
на парче жар кое нема
да престане да не гори.
Но продолжуваме натаму,
бидејќи без топлина во нас
животот се претвора во
една замрзната приказна
опколена со магла од сите страни,
тогаш не можеме да согледаме
каква убавина не опкружува
надвор од таа густа обвивка
која ни го скратува видикот!

Судбина - сонувања

Сонуваме среќа
а таа ни враќа со несреќа!
Сонуваме живот
а тој скришно ја довикува смртта!
Сонуваме ден
а тој ни враќа со ноќ!
Сонуваме мир
а тој ни се пртвора во немир!
Сонуваме рај
а нешто не носи
пред портите на пеколот!
Сонуваме иднина
а душата ни е отруена со спомени!
А да престанеме да сонуваме?!

Каде сум јас, таму си и ти Повеќе не можам да те пронајдам помеѓу испишаните страници од оваа

поезија За тебе не постои метафора затоа што најчесто убавите работи не се запишуваат. Тие не заслужуваат со години да седат прашливи и заборавени на полицата од некој енергичен читател кој ќе те остави одма чим другарите ќе му се јават за на пиво. Ти си се

што излегува од мене кога сум пијан и секоја глупост што ја правам кога сум трезен. Понекогаш се појавуваш и на сон уште една причина поради која и денес ќе се успијам и ќе посакам од режисерот уште еднаш да ја повтори нашата сцена. Колку насмевки му се потребни

на човек да се почувствува доволно среќен? Со тебе е доволен и миг за да се изгубам во вечна среќа. Со тебе гордоста ја губи секоја смисла но и секој обид да избегам барем на миг од тебе е се повеќе безсмислен. Ти си мојата патетика на која не и е потребна корекција за да биде успешна поетска целина. Ти си мојата свест, а јас, за жал трезен ретко пишувам.